Архивски број: 08- 93/1
17-01-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-395/1 од 26.07.2022 година, поднесена од [redacted] од Тетово против Јавно претпријатие за државни патишта, за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 17.01.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА дискриминација врз лицето [redacted] од Тетово, во областа на работата и работните односи, сторена од страна на Јавното претпријатие за државни патишта.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-395/1 на 26.07.2022 година од страна на [redacted], со адреса на живеење на [redacted], Тетово, вработен во Јавно претпријатие за државни патишта на работно место референт за документација.

Подносителот во претставката тврди дека врз него е сторена дискриминација, со тоа што бил ограничен, односно не ги остварувал правата од работен однос како вработено инвалидно лице. Ова од причини што според него работодавачот не овозможил тој да ги остварува овие права.

Имено, тој наведува дека во 2013 година по пат на јавен оглас за вработување на 300 лица со инвалидност се вработил во ЈП „Македонски шуми". По пат на преземање се вработил на работно место телефонист на телефонска централа во ЈП Државни патишта во 2014 година. Според него во 2016 година без писмен акт бил распореден на работно место контролор во видео надзор за наплата на патарина, а во 2017 година, исто така без писмен акт, бил распореден како референт за документација. Во 2018 година со писмен акт е распореден на работно место референт за документација во Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација. Притоа, тој наведува дека во ЈП „Македонски шуми" бил вработен како инвалидно лице со нарушен, односно намален вид од 73%, а дека во ЈП Државни патишта со неговото распоредување на други работни места и вршење на несоодветни работни задачи и обврски, дополнително му се влијаело на намалувањето на видот. Според него, работодавачот постапувал спротивно на одредби од Законот за вработување на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

инвалидни лица и Законот за безбедност и здравје при работа, со тоа што го распоредувал на други несоодветни работни места во однос на неговата здравствена состојба и не ги преземал соодветните мерки во однос на безбедноста и здравјето при работа. Понатаму, во претставката е наведено дека во 2019 година од страна на Комисијата за проценка на вид во Универзитетската клиника за очни болести и на Инвалидско-пензиската комисија за проценка на вид на подносителот му е утврдена намалена видна острина за 99%, што според подносителот е резултат на доделувањето и извршувањето на несоодветни, за неговата здравствена состојба, работни задачи и обврски. Во претставката, исто така, се наведува дека и работодавачот не го почитувал членот 112 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, ниту по службена должност, ниту по барање на подносителот, во однос на тоа на подносителот да му се смета стаж на осигурување со зголемено траење. Дополнително, подносителот наведува дека поради таквите постапувања на работодавачот, тој трпи последици, односно дека не исполнувал услов за стекнување со инвалидска пензија. Тој доставил и писмено барање до работодавачот во врска со членот 112 за стажот со продолжено траење на 24.02.2022 година, но во одговорот од работодавачот било истакнато дека наводите во барањето во целост биле неосновани, па според подносителот со тоа му биле скратени правата од Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност (член 5), Законот за вработување на инвалидни лица (член 4-а), Законот за работните односи (член 178), Законот за пензиското и инвалидското осигурување (член 112) и Законот за безбедност и здравје при работа. На крај тој наведува дека и по претставка поднесена до Државниот инспекторат за труд, по спроведениот надзор, инспекторите не се изјасниле по ниту едно од неговите барања наведени во претставката за инспекциски надзор.
Кон претставката подносителот приложи копии од: Известување на ЈП Македонски шуми во врска со оглас за вработување, Образец за пријава/одјава во АВРМ, медицинска документација – извештаи од специјалист, конзилијарни мислења и наоди, отпусни писма од клиничка болница, извештаи за извршени периодични здравствени прегледи, наод, оценка и мислење од ФПИОМ, пописен лист на слепите, комуникација преку апликацијата „Viber", барање до Јавното претпријатие за државни патишта и известување од Државен инспекторат за труд.

По добивањето и разгледувањето на претставката, Комисијата во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со допис на 03.08.2022 година се обрати до Јавното претпријатие за државни патишта да се изјасни за наводите во претставката во рок од 15 дена од денот на приемот на дописот.

Јавното претпријатие за државни патишта со Одговор бр. 08-395/3 на 11.08.2022 година се изјасни за наводите во претставката. Во одговорот се наведува дека вработениот [redacted] со Спогодба за вработување без јавен оглас број 04-830/140-1 од 28.10.2014 година бил преземен од ЈП Македонски шуми во Јавното претпријатие за државни патишта на работно место Референт – технички секретар


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

на телефонска централа, во Одделение за управување со човечки ресурси и општи работи во Секторот за правни работи, човечки ресурси и општи работи и склучен Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот број 04-8507/2 од 31.10.2014 година на неопределено време. Вработениот бил преземен како инвалидно лице, односно како лице со оштетен вид. Во 2015 година именуваниот се стекнал со статус на јавен службеник за што му било донесено решение со кое бил распореден на работно место Референт за телефонска централа во Одделение за управување со човечки ресурси и општи работи. Понатаму, со донесување на Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници била предвидена законска обврска за изготвување на нов Правилник за систематизација на работни места за што Јавното претпријатие го донела таквиот Акт во 2017 година. Согласно новата систематизација на работни места, работно место Референт за телефонска централа немало, по што подносителот на претставката со соодветно решение бил распореден на работно место Референт за документација во Одделението за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријацијата во Секторот за правни работи, човечки ресурси и општи работи, задржувајќи го статусот на јавен службеник како подгрупа на административен службеник согласно новиот закон. Во одговорот, понатаму се наведува дека именуваниот во повеќе наврати бил праќан на систематски здравствени прегледи, во 2018, како и во 2021 година, согласно кои извештаи од таквите прегледи било утврдено дека тој бил способен за работа на работното место Референт за документација. Дополнително, согласно спроведен инспекциски надзор од Државниот инспекторат за труд, Јавното претпријатие за државни патишта со решение било задолжено да изврши повторно периодичен здравствен преглед за вработениот [redacted] по што истиот бил упатен на 22.06.2022 година, за што бил добиен Извештај од [redacted] Понатаму, на именуваниот му било одбиено барањето за признавање на инвалидска пензија со решение од ФПИОМ, бидејќи не ги исполнувал условите во однос на стажот. Во одговорот се наведува и дека на именуваниот вработен му била утврдена инвалидност од прва категорија (ослабен намален вид) и дека истиот бил со место на живеење во Тетово, по што Јавното претпријатие за државни патишта се обратило до Државниот инспекторат за труд (ДИТ) и Министерството за труд и социјална политика (МТСП) со барање за добивање на насоки за понатамошно постапување, за што се уште Јавното претпријатие не добило одговор. Дополнително на тоа, Јавното претпријатие за државни патишта се обратило и до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ (ФПИОМ), за да добијат насоки за постапување во смисла на тоа дали на вработениот треба да му се засметува стаж со продолжено траење согласно членот 112 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, односно на кој начин да се засметува и од кој период. Од страна на ФПИОМ, Јавното претпријатие за државни патишта добило одговор дека бил оформен предмет врз основа на именуваниот вработен за признавање на инвалидска пензија, а кој предмет бил во постапка пред Управен суд и дека по достава на истиот од страна на Управниот суд и поднесено барање од именуваниот, односно осигуреникот во врска


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

со член 112 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ќе се отпочнала постапка за примена на наведениот законски член за конкретниот случај.
Во прилог кон одговорот, од страна на Јавното претпријатие за државни патишта во копии се доставени: спогодба за вработување без јавен оглас, медицинска документација, односно извештаи од специјалист, наод и мислење од Комисија за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице, конзилијарно мислење и наод за проценка на вид за ИПК од Комисија за проценка на вид, решенија за стекнување на статус на јавен службеник, распоредување и утврдување на плата, решение од Државен инспекторат за труд, записник од извршен инспекциски надзор, извештаи од извршени периодочни/систематски прегледи, решение од ФПИОМ, барања до ФПИОМ, ДИТ и МТСП и одговор на барање од ФПИОМ.

Согласно така изнесените факти и околности од двете страни, од подносителот [redacted] и од Јавното претпријатие за државни патишта, Комисијата не утврди постоење на дискриминација сторена врз подносителот од страна на Јавното претпријатие за државни патишта.

Имено, дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Дискриминацијата согласно член 8 став 1 од Законот е директна кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Оттука, за да постои дискриминација првенствено треба да се утврди постоење на фактичка состојба во која едно лице или група на лица е во нееднаков третман или кон него или нив се постапувало, се постапува или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група лица. Следствено на тоа, се утврдува и каузалната врска на таквиот нееднаков третман или постапување со определена дискриминаторска основа, односно дека определените дејствија на сторителот на дискриминација, во вид на сторување или не сторување, се мотивирани или пак причината за истите почива врз некоја од дискриминаторските основи како што се боја на кожа, раса, пол, верско уверување, возраст, сексуална ориентација, здравствена состојба, попреченост, етничка припадност, политичко уверување итн.

Во конкретниот случај, Комисијата од фактичката состојба не утврди постоење на определено дејствие, односно фактичка или можна споредлива или слична ситуација каде со подносителот на претставката се постапувало понеповолно во однос на друго лице каузално поврзано со определена дискриминаторска основа. Дотолку што Комисијата од изнесените факти и околности утврди дека станувало збор за остварување на права од работен однос, а за кои права за постоење на евентуална повреда заштита се остварува во други правни постапки. Следствено, во


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

однос на остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, подносителот не изнел релевантни факти од кои може да се види определена кореспонденција со работодавачот во смисла на барање за остварување на право и оневозможување на истото, додека спротивно на тоа работодавачот изнел соодветни факти со документирана кореспонденција до релевантни институции, од кои се огледа волјата на работодавачот за соодветно остварување на правата на подносителот на претставката.

Оттука, согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
2. Јавно претпријатие за државни патишта, ул. Даме Груев бр. 14, Скопје
3. Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk